# КОЛКУ СЕ НАВОДНУВА МАКЕДОНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ - СИСТЕМИ ЗА ИРИГАЦИЈА

## - кратка информација -

Во услови на енергетска криза, инфлација и конфликти што ги нарушуваат трговските синџири на храна, експертите се едногласни дека е потребно зголемување на производството на храна и/или намалување на увозната зависност од храна. За да се произведе храна освен поволни климатски услови, сè зависи од водата за наводнување или системи за иригација со која државата и земјоделските стопанства можат да планираат количини што ќе бидат произведени.
Со водостопанската основа за вкупно обработлива земјоделска површина од 577 000 хектари, според техничката документација на сите системи за иригација во државата *можат* да се наводнуваат 163 639 хектари.[1]

**Табела 1. Статистика за наводнување во 2020 година**

| 2020 година[2] | |
|---|---|
| Вкупно пријавена обработлива површина | Наводнувано земјиште |
| 310.062 хектари | 23 020 хектари |

Според Извештајот на МЗШВ, пресметката покажува дека државното водостапанство и 3-те јавни претпријатија Стрежево, Злетовица и Лисиче наводнуваат 7,42 % од вкупно користеното земјиште. *Во вакви околности, поголеми приноси можат да се очекуваат или од зголемени насади или ако повеќе површини се наводнуваат*.

**Табела 2. Преглед на наводнувани површини 2018 - 2020 година АД Водостопанство и Јавните претпријатија Стрежево, Лисиче и Злетовица**

| Година/ регион | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Подружница Тиквеш | 5,669.8 | 6,714.9 | 5,980.2 |
| Подружници Брегалница и Свети Николе | 6,168.9 | 6,845.8 | 7,238.8 |
| Подружница Прилепско Поле | 750 | 497.6 | 558.8 |
| Подружница Кумановско Липковско Поле | 2.617 | 450.9 | 524.8 |
| ЈВП Лисиче | 122.2 | 122.2 | 110.6 |
| ЈП Стрежево | 3,981.3 | 5,510.8 | 5,319.0 |
| Подружница Радовишко Поле | 372.6 | 687.2 | 570.8 |
| Подружница Јужен Вардар | 511.7 | 457.3 | 225.1 |
| Подружница Струмичко Поле | 1,130.1 | 1,975.7 | 1,526.5 |
| Подружница Скопско Поле | 160.0 | 155.0 | |
| Подружници Полог, Тетово и Гостивар | 209.9 | 313.6 | 373.4 |
| Подружница Црн Дрим | 228.9 | 205.9 | 207.6 |
| Подружница Берово | 4,7 | 19.0 | 15.0 |
| ЈПХС Злетовица | 262.5 | 353.0 | 370.0 |
| Вкупно во хектари | 19,834.3 | 24,302.5 | 23,020.6 |

[1] http://www.zpis.gov.mk/Upload/Documents/Godisen%20Zemjodelski%20Izvestaj%202020.pdf
[2] http://www.zpis.gov.mk/Upload/Documents/Godisen%20Zemjodelski%20Izvestaj%202020.pdf

Институционалната поставеност, во моментов, ја сочинуваат неколку институции/организации, вклучени во секторот за наводнување:

**Табела 3. Институционална поставеност**

| Институција | Одговорност |
|---|---|
| Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) | Управувањето со водните ресурси, особено во надгледувањето на употребата на вода за општински и индустриски потреби и заштитата на водите (вклучително водоснабдување и отпадни води). |
| Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) преку својата Управа за водостопанство (УВ) | Ја регулира употребата на вода за земјоделство, главно за наводнување и ја претставува државната сопственост врз системите за наводнување и одводнување. |
| Акционерското друштво „Водостопанство на Република Северна Македонија“ (АД за управување со води) | Централизирано државно претпријатие, овластено за управување со системите за наводнување и одводнување, преку 14 експозитури. |
| Јавни претпријатија: Стрежево (Битола), Лисиче (Велес) и Злетовица (Пробиштип) | Јавни претпријатија кои освен наводнување на земјоделски површини имаат и системи за вода за пиење или продажба на струја. |

Во Извештајот на МЗШВ за 2020 година, се информира дека АД Водостопанство со 14 подружници, и заедно со јавните претпријатија:, наводниле површина од 23 020 хектари. Овие претпријатија имаат вкупно 896 вработени. (АД Водостопанство 593 вработени во 14 подружници, Стрежево 247 вработени, Лисиче 27, Злетовица 29).

Според извештаите на МЗШВ во последните 10 години со статус тековни проекти се определуваат следниве проекти низ државата за зголемување на капацитетите за наводнување:

- Хидромелиоративен систем Лисиче (брана Отовица)
- Хидромелиоративен систем Злетовица (Фаза I - водоснабдување со брана Кнежево, Фаза II - наводнување и Фаза III - енергетика)
- Наводнување на Јужната Долина на Вардар
- Изградба на брана на Оризарска Река
- ХМС Равен – Речани, Полог
- ХС Конско, Гевгелија
- Изградба на Брана на Река Слупчанска

Во проектот на МЗШВ и Европската комисија, Europe Aid/137393/DH/SER/MK, 2017-2020, насловен „Мали системи за наводнување“[3], се спроведуваше идеја за мали локални системи за наводнување. Слика 1 покажува 201 потенцијална локација за мали иригациони системи, управувани од групи на земјоделци корисници. Според проектот, 8 конечни локации се избрани за да се развијат со студии за изводливост и инвестирање: Славишко Поле (Ранковце), браната Пишица (Пробиштип), Чаушица (Босилово), К36/Сопот (Кавадарци), Суводолско (Новаци), Теарце (Теарце) и Бањичко Поле (Гостивар) и Зајас – Колибари (Кичево).

[3] http://proektinavodnuvanje.mk/%d0%bb%d0%be%d0%ba%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8/

**Слика 1**




Продолжение на тој проект е „Изградба на мали системи за наводнување во општините во Република Македонија – Фаза 2“ и е околу 2 милиони евра и опфаќа изградба на мали системи за наводнување во Теарце, Пишица и Конопица.

**Табела 4. Однос на површини со наводнување по години**

| Култура | Години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | | 2019 | | 2018 | |
| | Посадена површина | Наводнувана површина | Посадена површина | Наводнувана површина | Посадена површина | Наводнувана површина |
| Ориз | 3177 | 3697.7 | 3481 | 3727.5 | 3222 | 3594 |
| Луцерка | 19096 | 2016 | 19710 | 1823 | 19738 | 1610 |
| Тутун | 16592 | 1209 | 16719 | 1004.8 | 16582 | 958 |
| Сончоглед | 4859 | 72.9 | 4677 | 21 | 2386 | 18.8 |
| Пченка | 32013 | 3931.1 | 34123 | 3841 | 36417 | 2087.7 |
| Градинарски | 51564 | 1597.4 | 52260 | 1799 | 51617 | 1536 |
| Лозја | 23976 | 5443.5 | 24468 | 6441.3 | 24088 | 5041 |
| Овошни насади | 17095 | 2468.3 | 16784 | 2717 | 16827 | 2197 |
| Житарици | 125515 | 157 | 124095 | 57.3 | 128504 | 39.9 |
| Фуражни | 16151 | 2241.5 | 16327 | 2817.8 | 14040 | 2293 |
| Други индустриски | 24 | 15 | 15 | 11 | 41 | 354.4 |
| Останати | | 171.5 | | 41.3 | | 99 |
| **Вкупно** | **310.062** | **23020** | **312959** | **24302** | **313462** | **19834.3** |

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021)

2. Листа на подружници на А.Д. Водостопанство на Република Северна Македонија https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici

3. Буџет на АД Водостопанство на Република Северна Македонија за 2021 година https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/informacii-od-javen-karakter/budjet

4. Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година (страница бр.65 табела бр.44) http://zpis.gov.mk/Upload/Documents/Godisen%20Zemjodelski%20Izvestaj%202020.pdf

5. Официјална интернетска страница на Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес https://jpvlisice.mk/?page_id=115&lang=mk

6. Официјална интернетска страница на Јавно претпријатие Стрежево – Битола http://www.strezevo.com.mk/

7. Официјална интернетска страница на Јавно претпријатие хидро систем Злетовица – Пробиштип http://hszletovica.com.mk/

8. Градинарски површини за 2020 година во Република Северна Македонија – Завод за статистика соопштение за земјоделски површина за 2020 година https://www.stat.gov.mk/pdf/2021/5.1.21.03_mk.pdf

9. http://proektinavodnuvanje.mk/%d0%bb%d0%be%d0%ba%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8/


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384